РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-7226/3
25 11 2011 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за формирање на Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус магистерски студии по Кинезиологија на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Се формира Комисија за утвдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус магистерски студии по Кинезиологија на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во состав;

   – д-р Агим Рушити, претседател;
   – Марика Парцанова, член и
   – Елена Неделковска, член;

2. Се задолжува Комисијата да изврши непосреден увид во исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус магистерски студии по Кинезиологија на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно Законот за високото образование и Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11), и за тоа да достави извештај до Министерот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, поднесе барање број 07-1054 од 15.11.2011 година, доставено до Министерството за образование и наука под наш број 13-7226/1 од 16.11.2011 година, за извршување на увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус магистерски студии по Кинезиологија, согласно Законот за високото образование и Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност.

Заради реализирање на барањето, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
м-р Панче Кралев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ
2

**Доставено до:**
**- Архива**
**- Примач**

изготвил:Нухи Ајдини
прегледал:Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити